## КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Бр. 03-93/1
Скопје, 30.01.2025

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

Во согласност со член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и Заклучокот од 57 седница на Владата на РС Македонија донесен на 23 март 2021 година, а врз основа на Решение (наш арх. бр. 03-416/1 од 07. 10. 2024) за определување одговорно лица за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во својство на назначен Службеник за млади го поднесувам следниот:

### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) и во текот на 2024 година активно ги следеше сите прашања од интерес на младите во рамките на делокругот на своите надлежности.

КОВЗРГ беше постојано отворена за секој еден млад човек и за нивните идеи, потреби и размислување со цел унапредување на младинските политики во нашата држава. Во таа насока службеникот за млади при КОВЗРГ, советникот Петар Петковски одржуваше редовна комуникација со студентите на Православниот богословски факултет, како и со студентите од Факултетот за исламски науки.

Исто така е воспоставена активна комуникација со поголема група на млади луѓе, кои се активни членови на верските заедници.

**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Во текот на 2024 година Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи нема реализација на проекти наменети за млади луѓе.

Остануваме посветени во развојот на младинските потенцијали и во текот на 2025 година продолжуваме со активности во делокругот на младите.

*Со почит,*

Директор
Оливера Трајковска

<u>подготвил:</u> советник Петар Петковски,
службеник за млади при КОВЗРГ

Комисија за односи со верските
заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Р. С. Македонија